Universiteti i EJL në Tetovë - Republika e Maqedonisë
ЈИЕ Универзитет во Тетово - Република Македонија
SEE University Tetovo - Republic of Macedonia
Tetovë-Тетово-Tetovo
Pranuar / Примено / Received: 16.05.2018

| Nj. org. / Орг. Един. / Org. unit | Numër / Број / No. | Shtojcë / Прилог / Attachment | Vlera / Вредност / Value |
|---|---|---|---|
| 03 | 1215 | 14 | |

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација на високото образование
Бр. 1409-28/11
10.05. 2018 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016, 127/16), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 7 седница одржана на 30.03.2018 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за акредитација на студискита програма Јавен менаџмент и администрација насока јавен менаџмент и јавни политики прв циклус студии на Факултет за современи општествени науки при Универзитет на Југоисточна Европа**

1. Се акредитира студиската програма **Јавен менаџмент и администрација насока јавен менаџмент и јавни политики прв циклус студии на Факултет за современи општествени науки при Универзитет на Југоисточна Европа** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од 4 години (осум семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС и со звање:
**- Дипломиран на јавен менаџмент и администрација насока јавен менаџмент и јавни политики**
Научно - истражувачко подрачје: Општествени науки
Научно – истражувачко поле: Организациони науки и управување (менаџмент), Јавна управа и администрација.
Научно – истражувачко област: 50600, 50602, 50605, 50615, 50620, 50622, 50329, 50900, 50901, 50902, 50903.

4. Акредитацијата на студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од **пет** (I и II циклус) учебни години, почнувајќи од учебната 2018/2019......

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА**
**НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на донесената одлука на Наставно-научниот совет на Факултет за современи општествени науки, прв циклус студиските програми „Јавен менаџмент и администрација насока јавен менаџмент и јавни политики", на 29.01.2018 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на 4 седница, одржана на 15.02.2018 формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на позитивната оценка содржана и извештајот на стручната комисија, на својата 7 седница одржана на 30.03.2018 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Академик Владо Камбовски